Врз основа на член 35 од Законот за ревизија (Службен весник на РМ бр. 158/2010 и 135/2011), Друштвото за ревизија БДО ДОО на ден 20 март 2014 година поднесува

# И З В Е Ш Т А Ј
**за транспарентност за 2013 година**

## 1. *Опис на правната структура и сопственост*

Друштвото за ревизија БДО, ДОО е регистрирано за вршење на ревизија и запишано во трговскиот регистар на регистарскиот суд во Скопје под рег. бр. 9216/98 од 18.01.1999 година. Во 2011 година друштвото го смени називот/фирмата од Димитров Ревизија ДОО во БДО ДОО Скопје и изврши промена на сопственичката структура.

Друштвото има валидна дозвола за работа под број 12-41137/2 од 15.12.2011 издадена од Министерството за финансии за вршење на ревизија без ограничување на нејзината важност.

Друштвото има Лиценца за вршење на работи на ревизија со регистарски број 05 издадена од Советот за Унапредување и Надзор на Ревизијата на ден 26.06.2013 г.

Сопствениците на друштвото се: Димитров Душан, Димитров Драган, Звонко Кочовски, Елена Петревска Лазаревски и БДО ДОО Белград. Физичките лица - содружници се овластени ревизори и членови на Институтот на Овластени Ревизори на Република Македонија (ИОРРМ).

Соодносот на содружниците во сопственоста е следниот:

Димитров Душан - 19%,

Димитров Драган - 51%,

Кочовски Звонко - 2,5%,

Елена Петровска - Лазаревски – 2,5%, и

БДО ДОО Белград – 25%.

## 2. *Опис на професионалната мрежа и правните и структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа*

Почнувајќи од октомври 2011 година друштвото стана член на БДО Интернационал. BDO International Limited е компанија со ограничена одговорност со седиште во Велика Британија. Секоја индивидуална БДО фирма е членка на BDO International Limited. БДО е заштитено бренд име за секоја фирма членка и за БДО Интернационал. Со БДО мрежата управува Совет, Одбор за политики и Извршен директор (или Глобален лидерски Тим).

Односите со БДО Интернационал се регулирани со посебни договори и тоа договор за придружување, договор за услуги и лиценца за фирма членка. Договорите се потпишани на 1 октомври 2011 година.

Друштвото е член на ИОРРМ од моментот на основање на Институтот односно од мај 2006 година.

## *3. Опис на управувачката структура на друштвото за ревизија*

Со друштвото управува управителот Драган Димитров, овластен ревизор. Друштвото исто така има надзор т.е. контролор. Оваа функција ја врши лицето Душан Димитров, овластен ревизор.
Во текот на 2013 година друштвото имаше шест овластени ревизори. Согласно организационата структура на 31.12.2013 година тие беа на следните позиции:

Драган Димитров - Извршен партнер, Управител
Кочовски Звонко - Партнер
Елена Петровска Лазаревски – Партнер
Сашка Бошковска – Менаџер
Бојан Петрески – Сениор
Дарко Калин - Сениор

Бројот на вработени во друштвото на 31.12.2013 година изнесува 20 лица.

## *4. Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на друштвото за ревизија и изјава од овластениот надлежен орган на друштвото за ревизија за ефективноста на функционирањето на овој систем*

Друштвото има донесено политики и процедури за системот на контрола на квалитетот и тоа вклучувајќи ги следните елементи:
- одговорност на лидерот за спроведување на квалитетот во друштвото,
- етички барања,
- прифаќање и продолжување на контактите со клиентот,
- човечки ресурси,
- извршување на ангажман,
- мониторинг.

Политиките и процедурите за системот на контрола на квалитетот се срочени во Упатството за интерните процедури за контрола на квалитетот при ревизија на финансиски извештаи, преглед на финансиски извештаи и други ангажмани врз чија основа се дава уверување. Целта на Упатството е да се обезбеди примена на Меѓународните стандарди за контрола на квалитетот – ISQC 1 ("International Standard on Quality Control 1") и да даде правец во врска со одговорностите на Друштвото за квалитетот на ревизиите на годишните финансиски извештаи и прегледот на финансиски информации, како и за други сродни услуги за кои се дава уверување. Покрај наведеното, целта е да се конкретизираат одговорностите и да се распоредат вработените во склад со нивните функции. Упатството е направено на барање на ISQC 1 како и деловите А и Б од IFAC- Етички кодекс за професионални сметководители и Меѓународниот стандард за ревизија – MSR 220 "Контрола на квалитетот на ревизијата на финансиски извештаи".

Управителот на друштвото изјавува дека внатрешниот систем на контрола на квалитет функционира ефективно во друштвото.

## *5. Датумот кога е извршена последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот*

Последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот согласно со член 20 од Законот за ревизија од страна на ИОРРМ е извршена во ноември 2012 година.

## 6. *Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната година*

Повардарие АД Неготино; Сага МК дооел, Скопје; НВО Локомотива, Скопје; НВО Чекор по Чекор, Скопје; КЈП Водовод, Кочани; Инбокс дооел, Скопје; Слога Пром дооел, Кавадарци; Фустеларко Борец АД Битола; Галеб АД Охрид; Висока школа за новинарство, Скопје; НВО Хера, Скопје; Апаве СЕЕ доо, Скопје; РЖ Институт ДОО Скопје; Агрокуманово АД Куманово; Инекс Дрим АД Струга; Мак Хидро Проект Скопје; Аутомобиле СК Скопје; Автонова Скопје; Флорес доо, Скопје; НВО НДЦ, Скопје; Еуроимпекс ДОО Скопје; Индо Минералс & Металс ДООЕЛ Скопје; ПЗУ Филип Втори, Скопје; Интернешенал Хотелс АД Скопје; Вајомаг ДОО Скопје; АД ЖАС Скопје; Центро Унион доо, Скопје; СБВ Ромеро Витро Виница; И Девелоп АД Скопје; Ин Брокер АД Скопје; Македонски Институт за Медиуми, Скопје; Палтекс АД Делчево; Ватросталнa ДОО Скопје; К&К ДОО Скопје; Црвен Крст на РМ; Орифлејм Козметика Скопје; Виничанка АД Виница; Ван Винкел ДООЕЛ Виница; Виатор и Вектор ДОО Скопје; Меркур Македонија ДОО Скопје; МАК 2000 АД, Скопје; Беташпед ДООЕЛ Скопје; НВО Метаморфозис Скопје; Евроасија Техника доо, Скопје; Сити Плаза доо, Скопје; Тутунски Комбинат АД, Прилеп; Пера Констракшн доо, Скопје; SEED Македонија, Скопје; НВО ЦИПОЗ, Скопје; SIF Скопје; Бундес Спорт Бет, доо Скопје; НВО Преда Плус, Прилеп; Гемак Траде ДОО Скопје; НВО КХАМ, Делчево; Имаге ПР доо, Скопје; Моби Петрол дооел, Охрид; Хромос Пестициди ДОО Скопје; Виа доо, Вевчани; Делта Бет дооел, Скопје; Машинопромет АД, Скопје; Принтек Технолоџи дооел, Скопје; ИНЕТ доо, Скопје; Палпласт Про Куманово; ПОРР Градежништво дооел, Скопје; Сага МК дооел, Скопје; НВО Отворена Порта, Скопје.

## 7. *Изјава за независното работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени*

Управителот на друштвото изјавува дека друштвото како член на Институтот, ги почитува актите и насоките и потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и истите се спроведуваат.

Друштвото има усвоено Политика за независност со цел да се овозможи сите партнери и вработени во Друштвото да бидат објективни и независни од сите ревизорски и неревизорски клиенти и нивните поврзани субјекти. Со оваа политика се дефинираат услугите кои можат или не можат да се извршат од страна на Друштвото како надворешен ревизор. Таа е дизајнирана да му помогне на Друштвото во проценувањето на потенцијалните конфликти на интерес во работата која ќе ја извршуваат ревизорите.

## 8. *Изјава за политиката што ја следи друштвото во текот на претходната година*

Согласно Статутот на ИОРРМ, организирање и спроведување на континуирано професионално образование е надлежност и задача на Институтот. Друштвото изјавува дека како член на Институтот, ги почитува актите и насоките за континуирана едукација на овластените ревизори.

### *9. Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и од други надоместоци расчленет на четири категории од услуги на ревизија, дополнителни услуги на уверување во квалитет, даночни советодавни услуги и други неревизорски услуги*

Приходите во 2013 година, разграничени по видови се како што следи:

| | во МКД |
|---|---|
| - ревизија | 13,487,327 |
| - сметководствени услуги | 6,589,941 |
| - вештачење | 632,682 |
| - проценки | 1,562,820 |
| - други приходи | 114,971 |
| **вкупно** | **22,387,741** |

### *10. Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор*

Хонорарот на овластениот ревизор се утврдува во вид на бруто плата согласно решение од страна на друштвото, а врз основа на позицијата во друштвото, одговорноста и доверените задачи, искуството и години на работен стаж, ангажираноста и сл.

Управител,

Друштво за ревизија БДО ДОО Скопје

Драган Димитров,